# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 11, Ноември 2014 година

## ОДРЖАНА ПЕТТА РЕГИОНАЛНА ТРКАЛЕЗНА МАСА ПОСВЕТЕНА НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈИЕ ВО СОФИЈА



Претседателот д-р Митревски на тркалезната маса

**24-26.11.2014**

На 25.11.2014 година во Софија, во организација на Фридрих Еберт Фондација и бугарското Министерство за труд во трипартитен состав од министерството за труд, претставници на репрезентативните синдикати и работодавачи, беше одржана конференција на највисоко ниво на која се разговараше за социјалниот дијалог во овие земји. Министрите за труд од Република Бугарија, Хрватска, Романија, Македонија, Црна Гора, Србија и Албанија заедно со синдикатите и работодавачите ги презентираа своите искуства и достигнувања во спроведувањето на социјалниот дијалог во матичните држави, можностите и персективите, како и заканите предизвикани од глобалната светска криза.
Од страна на претставниците на МОТ повторно беа потенцирани меѓународните стандарди и нивното значење.

Во своите обраќања на претставниците од Република Македонија, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, претставник од секторот за финансиски прашања од МТСП, Михајло Коштримовски, претседателот на Сојузот на сидникатите на Македонија, д-р Живко Митревски и претседателот на Самојстојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита, Љубиша Каранфиловски, беше укажано на значајните резултати и начинот на остварување на социјалниот дијалог во Р. Македонија, напредокот во работното законодавство и креирањето на низа нови историски закони. Ваквите тврдења беа потврдени и од претставниците на работодавачите.

По однос на социјалниот дијалог и работното законодавство, од присутните беше промовирана општа оценка дека Р. Македонија е позитивен пример на овој план за разлика од низа случувања од многу други земји. Општа прифатена оценка е дека социјалниот дијалог е незаменлива алатка за решавање на заедничките проблеми меѓу социјалните партнери.

На оваа дводневна конференција беше разговарано и по однос на други теми вклучувајќи и одредување на плата според трудот, неформален сектор и несигурно вработување.

## СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ СО ВРАБОТЕНИТЕ ОД ПОДРУЖНИЦАТА НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ ВО ТЕТОВО

**26.11.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, а воедно и претседател на Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика на РМ и членот на Извршниот одбор на овој синдикат, Ирфан Исаку, на 26.11.2014 година имаа работна средба со вработените во подружницата на ЈП Македонски Шуми во Тетово.Оваа работна средба се одржува по однос на одржаниот протест на вработените од оваа подружница на 24.11.2014 г., поврзан со незадоволството од утврдениот коефициент за утврдување на платите во подружницата, потребата од нова механизација и од Х.Т.З. опрема. На средбата од претставниците на синдикатот беше образложен начинот за пресметување на платите, примената на колективниот договор и програмата за БЗР.Овој состанок беше искористен за образложување на објективните пречки во процесот на производство со кои се соочува оваа подружница и кои треба да се имаат предвид при формирањето на коефициентите.

На крајот од состанокот беше договорено да се достават барањата во писмена форма до менаџерскиот тим на ЈП „Македонски Шуми“ и Управниот одбор кои треба да ги разгледаат на првата наредна седница, процесот на производството да продолжи и синдикатот пред УО да ги образложи барањата.Исто така, беше извршен и прием на нови членови во синдикатот со нови пристапници и бројот на членство во оваа подружница достигна 98%.

# ПОТПИШАН КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА И СТОПАНСТВО ВО Р. МАКЕДОНИЈА



Социјалните партнери по потпишувањето ан КД за енергетика

**20.11.2014**

Самостојниот синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Р. Македонија- ССЕСМ и здружението на работодавачи од енергетиката при Организацијата на работодавачи на Македонија- ОРМ, денес го потпишаа колективниот договор за регулирање на правата и обврските на социјалните партнери во оваа област.

Целта на овој колективен договор е да се применат меѓународните работни стандарди, да се изедначат условите за работа на ниво на гранката и да се утврди одредена рамка на права кои треба да им се овозможат на вработените, со што ќе се одржува лојалната конкуренција помеѓу работодавачите.
„Цврсто стоиме на констатацијата дека вистинскиот социјален дијалог нема алтернатива и само преку негов континуитет, сите отворени прашања можат квалитетно и долгорочно да се решаваат", изјави г-дин Вернер Хенгст претседател на Здружението за енергетика при Организацијата на работодавачи на Македонија.

Задоволство од потпишувањето на договорот искажа и Претседателот на Самостојниот синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Р. Македонија, г-дин Роберт Симоноски, кој истакна дека со овој чин се верификувани и заштитуваат економските и социјалните права на работниците во енергетиката. Според него, ова е потврда за воспоставување на одговорно социјално партнерство со имплементирање на европски стандарди за заштита при работа, и за социјално економската и општествена одговорност на компаниите членки и потписници на овој колективен договор.

Работодавачите и гранковиот синдикат заеднички оценуваат дека со овој чин социјалните партнери недвосмислено покажале дека имаат меѓусебно разбирање и интерес да ги почитуваат и спроведуваат меѓусебните права и обврски, посебно во поглед на условите за работа, платите, надоместоците и заштитата на вработените.

# ОДРЖАН СОСТАНОК НА РЕГИОНАЛЕН СИНДИКАЛЕН СОВЕТ „СОЛИДАРНОСТ"



Учесници на состанокот на Регионалниот синдикален совет „Солидарност"

**12 и 13.11.2014**

На 12 и 13.11.2014 година во Терме Тухељ, Тухељске Топлице (Хрватска) беше одржан состанокот на Регионалниот синдикален совет „Солидарност".

На состанокот присуствуваа претставници од Сојузот на синдикатите на Македонија, како и претставници од синдикатите на Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словенија. Во рамките на овој состанок предвидена беше и посебна програма за млади.

Состанокот го отвори домаќинот и овогодинешниот претседавач Младен Новосел, претседател на Сојузот на самостојните синдикати на Хрватска- СССХ,

На состанокот беше разгледувана темата во врска со јакнење на синдикатот како и размена на искуства и најдобри практики за привлекување, задржување и мобилизирање на ново членството. На состанокот помеѓу останатите учествуваше и Јап Винен, заменик главен секретар на Меѓународната конфедерација на синдикати - ИТУЦ и Александар Мартин, проектен менаџер на Европската конфедерација на синдикати – ЕТУЦ.

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски во своето обраќање зборуваше за активностите на ССМ во претходниот период меѓу два состанока на РСС и го потенцира значењето на унапредувањето на работничките права. Во последните измени на ЗРО околу пензискиот систем, прифатените барања од Владата на РМ за измени во Законот за БЗР, измените на Законот за минимална плата, зголемувањето на платите во јавна администрација за 4% и зголемувањето на минималната плата во приватниот сектор за 9,32%. На состанокот повторно беше потенцирано значењето на интерната и екстерната комуникација како посебно позитивно искуство беше потенциран ССМ како успешен пример во регионот и пошироко.

Паралелно со состанокот на РСС „Солидарност" се одржа и состанокот на Одборот на млади. Состанокот го отвори претставникот од Фондацијата „Фридрих Еберт", Емилија Грујиќ и Даниел Леш, претседателот на Секцијата на младите на СССХ.

На состанокот се дискутираше за спроведувањето на Резолуцијата на Одборот на млади на РСС „Солидарност“, која се однесува на унапредување на положбата на младите во синдикатите, која беше усвоена во март 2014 година. Исто така на состанокот беа презентирани досега направените и започнати кампањи кои настанаа како резултат за време на одржување на „3 Камп на млади“ РСС „Солидарност“ во Марија Бистрица- Хрватска.



Учесници на состанокот на Одборот на Млади РСС „Солидарност“

Заменикот генерален секретар на Меѓународната конфедерација на синдикатите, Јап Винен, се обрати и со задоволство констатира дека младите добро знаат што општеството сака и што треба синдикатите да сторат, со цел да се подобри положбата на младите во синдикатот. Истовремено тој им порача на младите дека мораат да најдат начин да ги реализираат своите идеи.

Со оглед на досегашниот ротационен принцип во претседавањето на Регионалниот синдикален совет „Солидарност“, договорено е во 2015 година, домаќин да биде Сојузот на синдикатите на Македонија.

По завршување на паралелните состаноци се одржа и една заедничка седница. На оваа седница присуствуваа и претставници од Меѓународната и Европска конфедерација на синдикатите, Меѓународна организација на трудот и други гости.

# ОДРЖАНА ЈАВНА ДЕБАТА ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА НЕРЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

## -ПОНАТАМОШНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА-




Претседателот д-р Митревски со министерот Спасов на јавната дебата

**7.11.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа првата јавна дебата по Предлог Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност. На дебатата присуствува претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и претставници од социјалните партнери.

Министерот Спасов истакна дека овој нацрт текст е изготвен по опсежни анализи, и консултации со партнерите од Економско- социјалниот совет.

“Нерегистрираната дејност во законите каде што е регулирана, има минимална казна за вршење на нерегистрирана дејност или воопшто ја нема. Практично поради тие причини постоеше огромен простор и стимул за сивата и неформална економија. Односно, оние кои не беа регистрирани не плаќаат даноци, не ги регистрираат своите бизниси, не ги пријавуваат своите вработени, не ги исполнуваат стандардите за работа, бидејќи практично немаше забрана, ниту казна, ниту постапка која е дефинирана во законите”, рече Спасов.

Исто така, министерот Спасов истакна дека целта на овој закон е да се регулираат нерегулираните дејности во поголем обем во Република Македонија.Со регулирањето на нерегистрираните дејности од поголем обем, се очекува да се унапредат работничките права, ќе се заштитат и потрошувачите, секој понудувач на услуга ќе се лиценцира и гарантира за извршената услуга на потрошувачите.

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски истакна дека Сојузот на синдикатите на Македонија ја подржува идејата за донесување на ваков закон со што би се унапределе работничките права, би се намалила сивата економија во Република Македонија и би се подобрила материјално, социјално економската состојба на оние работници кои работат кај правните лица кои вршат нерегистрирана дејност.

Претседателот Митревски истакна и дека Сојузот на синдикатите на Македонија по однос на Предлог Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност имаше и првични забелешки во делот на допрецизирање на семејната помош, додавањето на пријателска помош која е распространета во Република Македонија, а како најважни забелешки од страна на ССМ се забелешките во делот на заштита на работниците, односно вработените во случај на затварање и запечатување на работните простории на работодавачите кои вршат нерегистрирана дејност и предвидување на обврска работодавачот да исплатува плата и придонеси од задолжително осигурување и пријавување во определен рок на работниците во редовен работен однос како што тоа е решено во други закони од работното законодавство.

# ОДРЖАН VII КОНГРЕС НА СОЈУЗ НА САМОСТОЈНИ СИНДИКАТИ НА ХРВАТСКА




**13-15.11.2014**

Во период од 13 до 15 ноември 2014 година во Тухељске Топлице се одржа VII- от Конгрес на Сојузот на самостојни синдикати на Хрватска– СССХ, под мотото „Силен синдикат за подобра Хрватска“.

На Конгресот присуствуваше делегација од Македонија предводена од претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

Делегатите на Конгресот повторно му ја дадоа својата доверба на претседателот на СССХ, Младен Новосел за вршење на функцијата претседател во наредните четири години.

# ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ШТЕДЕЊЕТО 31 ОКТОМВРИ



Претседателот д-р Митревски на трибината

**19.11.2014**

На 19.11.2014 година по повод Меѓународниот ден на штедењето, 31-ви Октомври, на иницијатива на Синдикатот на финансиски дејности на Македонија, а поддржани од страна на Сојузот на синдикатите на Македонија- ССМ, во просториите на синдикатот се одржа првата трибина од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

На настанот присуствуваше и претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, тој ги поздрави присутните и го отвори настанот. Во своето обраќање претседателот, д-р Митревски ја истакна трајната определба на Сојузот на синдикатите на Македонија за соработка со гранковите синдикати и потребата за одржување на трибина на оваа тема.

Своја презентација на трибината имаше д-р Гоце Трајковски, експерт за спречување на перење на пари. Учесници на трибината беа вработените од финансиските институции, банките, штедилниците и давателите на услуги за брз трансфер на пари во Република Македонија.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Охрид**

Одржан мирен протест пред општината Охрид од страна на вработените на ЕМО од Охрид.

Остварена средба со градоначалникот на Охрид, од чија страна беше ветено дека ќе се превземат активности за решавање на проблемите на вработените во ЕМО-Охрид до надлежните повисоки структури , министерствата и Владата на РМ. Исто така беше договорено да се има и средби и со пратениците во Собранието на РМ од Охрид.

**РСП Куманово**

Остварени средби со вработени во локалната самоуправа во општина Старо Нагоричане, фабриката за заварени цевки и профили „11 Октомври“, рудникот „Тораница“ од Крива Паланка и „Жито-Мел“ од Куманово, во врска со тековните проблеми од работен однос и исплатата на К-15.

**РСП Прилеп**

Остварени средби со синдикалните претставници на вработени во „Еурокомпозит“, Тутунски Комбинат Прилеп, АД „Витаминка“, Прилепска Пивара, каде е исплатен надоместокот за годишен одмор,

**РСП Кавадарци**

Присуство на Презентација на наоди од Квартален мониторинг на буџетската транспарентност на Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија.

Остварени средби со 80 стечајни работници од МИК Кавадарци, во стечај.

**Синдикална канцеларија Свети Николе**

Формирање нова синдикална организација во Здравствениот дом „Гаврил Гаврилски“ од Свети Николе.

Остварени средби со вработени од „МИК“ и „Градинар“ АД во врска со исплатата на К-15.

**Синдикална канцеларија Струмица**

Одржан состанок со претседателите на синдикалните организации од УПОЗ во Струмица и претседателот на УПОЗ, Пецо Груевски.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374
е-маил: info@ssm.org.mk
web: www.ssm.org.mk